UNIQA

Арх бр. 2023_0202_78 од 09.10.2023

Управниот одбор на Друштвото за осигурување УНИКА АД Скопје со седиште на бул. Илинден бр. 1 Скопје (во понатамошниот текст само Друштвото) на својата редовна седница одржана на 09.10.2023, ја донесе следната

# ОДЛУКА

Член 1

Се менуваат и дополнуваат Условите за комбинирано осигурување на моторни возила бр. 2022-0202-21 од 16.02.2022 година

Член 2

Во член 5 став 1, по точката 3 а) се додава нова точка 3 б), која гласи:

„ 3 б) Доколку осигуреникот плати соодветен доплаток на премија утврден со Тарифата на Осигурувачот, истиот нема обврска да достави Записник од извршен увид на лице место од надлежни органи за внатрешни работи за штета настаната како последица на сообраќајна незгода во која е настаната мала материјална штета .

Во ваков случај останува обврската на осигуреникот задолжително да пријави на надлежните органи за внатрешни работи, доколку штетата е настаната како последица на сообраќајна незгода во која е загинато или повредено лице или настаната голема материјална штета, или доколку штетата е настаната од удар од или во животно на јавните патишта каде е предвидено плаќање на патарина.

Член 3

Во член 20 став 2 знакот "." , се заменува со "," , по што се додава :

"или истиот го управувал возилото без возачка дозвола."

Член 4

Во членот 20 став 1 точка 1 ";" , се заменува со "," , по што се додава :

"или го управувал возилото со возачка дозвола издадена од држава со која Р.С.Македонија нема склучено договор за реципрочно признавање и замена на возачки дозволи и истовремено не поседува меѓународна возачка. "

Член 5

Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето, а дополнувањата на Условите по оваа Одлука, влегуваат во сила и ќе се применуваат од 01.11.2023

Условите за комбинирано осигурување на моторни возила да се објават на веб страната на УНИКА АД Скопје и за направената измена навремено да се извести Агенцијата за супервизија на осигурување.

UNIQA АД Скопје, друштво за осигурување
Бул. Илинден бр.1, 1000 Скопје
Тел.: +389 2 32 88 800

Седиште: Скопје
ГПШ 65,12
ЕДБ: 403000451846З

UNIQA

## *Образложение*

Друштвото за осигурување пристапи кон промени за продуктот за каско осигурување на моторни возила, за што беа направени соодветни измени во Условите за осигурување и Тарифата на премии .

Новите услови ќе се применуваат за договори склучени од 01.11.2023 година .

УНИКА АД Скопје

Претседател на УО

Дритон Азизи

Друштво за осигурување
УНИКА А.Д. Скопје
Генерална дирекција

UNIQA АД Скопје, друштво за осигурување
Бул. Илинден бр.1, 1000 Скопје
Тел.: +389 2 32 88 800

Седиште: Скопје
ГПШ 65,12